ЈЗУ Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

ЕВРОПСКО ВЕБ ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ДРОГИ 2024 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Скопје, **2025**

ЕВРОПСКО ВЕБ ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ДРОГИ 2024 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Издавач: ЈЗУ – ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Стручна обработка:

Оддел за здравствена промоција и следење на болести

Автори:

Науч.сор. д-р Марија Андоновска	В.Д. Директор на Институт за јавно здравје
Д-р. сци. Сања Прошева	Самостоен истражувач
Проф.д-р Елена Ќосевска	Раководител на Оддел

Уредник: Проф. д-р Елена Ќосевска

Техничка подготовка: Сузана Дунгевска

Содржина

1. Вовед 1

1.1. Преглед на Европското веб истражување за дроги 1
1.2. Европско веб истражување за дроги низ Европа 1
1.3. Европско веб истражување за дроги во Република Северна Македонија 2

2. Целта на Европското веб истражување за дроги 3

3. Материјал и метод 4

3.1. За прашалникот 4
3.2. Когнитивни интервјуа 4
3.3. Стратегии за регрутирање 5
3.3.1. Медиумско покривање 5
3.3.2. Нова, посветена Фејсбук страница 5
3.3.3. Платени реклами 5
3.3.4. Ширење информации на соодветните страници 5
3.3.5. Интеракција со испитаниците преку внатрешни групи 5
3.3.6. Флаери 6

4. Резултати 7

4.1. Социо-демографски податоци 7
4.2. Употреба на дроги и третман во последните 12 месеци 11
4.3. Модул за производи со CBD/ или ниско ниво на THC 12
4.4. Модул за канабис 14
4.4.1. Марихуана 19
4.5. Модул за кокаин 22
4.6. Модул за екстази/МДМА 27
4.7. Модул за амфетамин 31
4.8. Модул за нови психоактивни супстанци 36

5. Клучни наоди 42

6. Дискусија 45

6.1. Компаративна анализа 46

7. Заклучок 49

8. Препораки 50

Референци 52

1. Вовед

1.1. Преглед на Европското веб истражување за дроги

Европското веб истражување за дроги - European Web Survey on Drugs (EWSD) е истражувачка иницијатива координирана од Агенцијата за дроги на Европската унија - European Union Drugs Agency (EUDA), спроведена низ Европа за прв пат во 2016 година.

До денес, истражувањето е спроведено пет пати, при што најновото истражување во 2024 година опфаќа над 30 земји кои се дел од ЕУ и кои не се членки на ЕУ:

Европска унија: Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Данска, Естонија, Франција, Германија, Грција, Ирска, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска

EU4MDII: Либан, Палестина, Украина

ИПА8: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Други земји: Норвешка, Швајцарија

Истражувањето собира податоци преку онлајн прашалник, дизајниран да допре до лица кои користат дроги, на возраст од 18 или повеќе години. Со спроведување на прашалникот преку интернет, EWSD може да допре до разновиден примерок на лица корисници на дрога, вклучувајќи ги и оние кои можеби нема да се вклучат во традиционалните методи на истражување. Ова овозможува подлабоко истражување на трендовите меѓу одредени демографски групи, како што се млади возрасни, повремени корисници и поединци кои експериментираат со нови супстанции. Овој пристап им овозможува на истражувачите да имаат увид во рекреативната употреба на дроги, зачестеноста и методите на консумирање, начинот на купување и согледаните ризици поврзани со различни супстанции. Со прибирање на информации во реално време за пазарот на продажба на дрога и искуствата на корисниците, EWSD игра клучна улога во обликувањето на политиките и интервенциите за дроги базирани на докази и на национално и на европско ниво.

Од своето основање, EWSD им обезбедува, на креаторите на политиките и на лицата во јавното здравство, суштински податоци за следење на трендовите, идентификување на потенцијалните ризици и развивање насочени стратегии за намалување на штети. Способноста за следење на промените со текот на времето ова истражување го прави вредна алатка за проценка на влијанието на политиките и интервенциите поврзани со дрога, како и за одговор на новите предизвици како што се новите психоактивни супстанции, промените во начинот на снабдување со дрога и прогресивната улога на дигиталните платформи во дистрибуција на дрога.

1.2. Европско веб истражување за дроги низ Европа

EWSD се спроведува во повеќе европски земји, овозможувајќи споредби меѓу земјите и пошироко разбирање за употребата на дрога во различни региони. Секоја земја-учесничка следи стандардизирана методологија додека го прилагодува истражувањето на националните потреби, осигурувајќи се дека податоците остануваат релевантни и применливи за локалните политики за дроги.

Истражувањето опфаќа широк спектар на супстанции поделени во модули, вклучувајќи канабис, кокаин, екстази/МДМА, амфетамин, метамфетамин, хероин, нови психоактив-

ни супстанции и кетамин. Други модули за дроги, релевантни за конкретни национални потреби, беа додадени од поединечни земји. Прашалниците беа преведени на јазиците на земјите учесници во истражувањето.

Резултатите од EWSD придонесуваат за поширок европски напор за борба против штетите поврзани од употребата на дрога и подобрување на одговорите на јавното здравје. Податоците се користат од страна на националните власти, здравствените работници и креаторите на политики за информирање на стратегиите за превенција, подобрување на програмите за лекување и прилагодување на политиките за дроги за да ја одразат реалноста на употребата на супстанции во современото општество.

1.3. Европско веб истражување за дроги во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија (РСМ) учествуваше во EWSD по втор пат во 2024 година, по нејзиното првично вклучување во 2021 година. Република Северна Македонија, како дел од земјите-корисници на IPA7, го спроведе истражувањето за прв пат во 2021 година. Во 2024 година, истражувањето беше спроведено по втор пат, поддржано од проектот EUDA - IPA8. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија беше имплементатор на ова Европско веб истражување за дроги, со поддршка од Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

Истражувањето даде значаен увид за трендовите на употреба на дрога во земјата, нагласувајќи ги клучните прашања како што се распространетоста на употребата на канабис и стимуланси, начините на употреба, употребата на повеќе дроги итн.

Како земја лоцирана на стратешка раскрсница на Балканот, Северна Македонија е под влијание на пошироките европски трендови на дрога, како и регионалните рути за шверц на дрога. EWSD игра витална улога во разбирањето на достапноста на дрогите и начините на потрошувачка во земјата. Истражувањето од 2024 година собра податоци за различни аспекти на употребата на дрога во Северна Македонија, вклучувајќи:

- Најчесто употребуваните супстанции и нивната распространетост.
- Посебен фокус на употребата на канабис.
- Појава на ризици поврзани со нови психоактивни супстанции и синтетички дроги.
- Степенот на употреба на повеќе дроги и здравствените последици од таа употреба.

Добивајќи широк и разновиден примерок на корисници на дрога, EWSD обезбедува попрецизна и посовремена слика за употребата на дрога во Северна Македонија. Наодите се очекува да ги информираат националните политики за дроги, да ги подобрат услугите за превенција и третман и да го поддржат донесувањето одлуки засновани на докази. Дополнително, резултатите од истражувањето придонесуваат за регионалните и европските напори за справување со предизвиците поврзани со дрогата преку заеднички развој на политики и размена на знаење.

Овој извештај претставува длабинска анализа на резултатите од EWSD 2024 за Северна Македонија, истакнувајќи ги клучните наоди, демографските трендови и политичките импликации. Со анализа на податоците од 2024 година, овој извештај има за цел да обезбеди сеопфатен преглед на употребата на дроги во земјата и да ги поддржи напорите за намалување на штетите поврзани со дрогата, истовремено промовирајќи го јавното здравје и безбедност.

2. Целта на Европското веб истражување за дроги

Европското веб истражување за дроги (EWSD) има за цел да го подобри разбирањето на начинот на употреба на дроги, новите трендови и однесувањата меѓу поединците кои користат дроги низ Европа. За разлика од традиционалните методи за мониторинг кои се потпираат на анкети ширум населението, евиденција за лекување или податоци за спроведување на законот, EWSD се фокусира на доброволно, анонимно самоизвестување, обезбедувајќи понепосредна и понијансирана перспектива за современата употреба на дрога.

Друга цел на проектот е да се соберат детални информации за количините и видовите на дроги што ги користат различни групи луѓе во Европа и пошироко, придонесувајќи за растечката база на знаење за практиките за употреба на дроги. Овие информации ќе ги подобрат проценките за големината на пазарот и на национално и на европско ниво и во голема мера ќе придонесат за развојот на политиките.

3. Материјал и метод

Европското веб-истражување за дроги во РСМ беше дизајнирано како студија на пресек. Собирањето податоци се одвиваше преку онлајн анкета споделена преку различни извори на веб-страници и платено рекламирање на Facebook. Учеството во овој проект беше целосно доброволен. Анкетата беше анонимна.

3.1. За прашалникот

Прашалникот вклучуваше модули за: Малку за вас, модул CBD/ниско THC, модул за канабис, модул за кокаин, модул Екстази/МДМА, модул за амфетамин, модул за метамфетамин, модул за хероин, модул за нови психоактивни супстанции („НПС“), модул за кетамин, некои последни прашања за вас. Во тие модули, фокусот беше собирање на длабински информации од луѓе кои користат канабис и канабиноиди, фокусирање на употребата на полисупстанции и на новите трендови на супстанции. Прашалникот беше активен за пополнување 6 недели (помеѓу 22-ри мај и 3-ти јуни 2024 година).

Веб истражувањето беше насочено кон луѓе на возраст +18 години кои користеле една или повеќе дроги во последните 12 месеци: канабис (хашиш или марихуана), кокаин, екстази/МДМА, амфетамин, метамфетамин, хероин или каква било „НПС“.

Учеството во овој проект беше целосно доброволно. Анкетата беше анонимна. Не беа зачувани IP адреси и не беа користени токени.

Податоците беа собрани преку EU Survey, официјална алатка за управување со анкети на Европската комисија.

Англискиот мастер прашалник беше преведен на македонски и албански, двата национални јазици, а беше достапен и на англиски јазик.

3.2. Когнитивни интервјуа

За тестирање на разбирливоста и логиката на преведениот прашалник, беа спроведени когнитивни интервјуа со пет лица кои ги претставуваат следните целни групи (подпопулации) корисници на дрога: 2 корисници на канабис, 2 корисници на кокаин и 1 корисник на екстази. Сите учесници во когнитивните интервјуа беа замолени да одговорат на сите прашања во секој модул, а не само на модулите релевантни за нивната специфична употреба на дрога. Дополнително, од сите пет испитаници беше побарано да ги пополнат деловите: Вовед, Малку за тебе и Некои завршни прашања за тебе.

Критериумите за учество беа испитаниците да се постари од 18 години и да користеле една или повеќе видови на дроги во последните 12 месеци. Сите пет испитаници беа од машки пол.

За регрутирање, користени се неформални мрежи (пријатели на пријатели, соседи). Сите интервјуа беа спроведени во ланч бар, а наместо традиционални стимулации, ручекот и пијалоците за време на интервјуата беа покриени од истражувачот.

Клучните наоди од когнитивните интервјуа беа инкорпорирани во финалниот прашалник.

3.3. Стратегии за регрутирање

Планот за регрутирање беше развиен пред почетокот на истражувањето со цел да се претстави планот за работа и да се промовира анкетата. Беа користени следниве стратегии за регрутирање:

3.3.1. Медиумско покривање

ЕУДА подготви соопштение за медиуми, кое ги содржеше сите потребни информации за започнувањето на истражувањето. Истото беше преведено на македонски јазик, адаптирано за да одговара на нашите потреби и споделено со локалните медиуми, пред се преку социјалните мрежи, на денот кога започна истражувањето.

3.3.2. Нова, посветена Фејсбук страница

Фејсбук страницата насловена како „Европско веб истражување за дроги 2024“ беше создадена за споделување на различни едукативни содржини поврзани со употребата на дроги, вклучително и резултатите од веб-истражувањето за дрогите од 2021 година (информативна содржина) и промоција на овогодинешното истражување наменето за лица над 18 години кои користеле или користат дроги. За онлајн промоцијата користевме текстови, видеа, инфографици и слики на социјалните мрежи.

3.3.3. Платени реклами

Платените реклами беа стратешки дизајнирани за да го зголемат процентот на одговори преку Facebook, Instagram, Viber и Messenger. Овие реклами беа ажурирани во текот на целиот период на собирање податоци, со тековно следење на кликовите по реклама - реклама со слики и видео реклама. Критериумите што се користеа за таргетирање на населението за платени реклами вклучуваа интереси, клучни зборови, возрасни групи и регионална покриеност. Специфичната возрасна група беше 18+.

Регион: Северна Македонија

Клучни зборови: Мажи и жени

Интереси: музика (техно, рап, хип хоп, електронски итн.), концерти, коцкање, алкохолни пијалоци, аптека, барови, клубови, ноќен живот, музички фестивали, советување за рехабилитација, советување за зависности, дрога и алкохол, концерти во живо и многу повеќе...

3.3.4. Ширење информации на соодветните страници

Веб-анкетата беше споделена и преку веб-страницата и Фејсбук страницата на Институтот за јавно здравје (ИЈЗ), како и преку различни Центри за јавно здравје, Здравствени домови и невладини организации.

3.3.5. Интеракција со испитаниците преку внатрешни групи

Дополнително, истражувањето беше дистрибуирано во различни групи на Viber и WhatsApp, вклучувајќи групи на врсници, студентски групи и групи вработени во кафулиња и дискотеки. Тие врски беа направени благодарение на лични познанства.

3.3.6. Флаери

Беше изработен и отпечатен флаер во 1.000 примероци, кои беа дистрибуирани во Центарот за превенција и третман на зависности во Кисела Вода, Скопје и во Приватната психијатриска клиника Еуромедика, каде се лекуваат лица кои користат дроги. Флаерот го споделија и невладините организации ХОПС од Скопје и Избор од Струмица (со својата Терапевтска заедница Покров), кои понатаму го дистрибуираа до корисниците на нивните услуги.

4. Резултати

Вкупниот број на испитаници кои го пополнија прашалникот беше 862. Првиот и последниот модул, кои содржеа поопшти прашања, беа задолжителни. Другите модули, кои се фокусираа на одредени дроги, беа изборни. Секој испитаник можеше да избере кој модул специфичен за одреден вид на дрога сака да го одговори врз основа на неговото лично искуство.

4.1. Социо-демографски податоци

Социо-демографските податоци на испитаниците во истражувањето беа следните:

Графикон 1. Пол

Графикон 2. Возраст

Овој графикон за прикажува демографската поделба на испитаниците вклучени во истражувањето според пол. Поголемиот дел од нив биле мажи (53,3%), додека жени биле (45,6%). Мал процент се идентификувале како интерсексуалци (меѓу двата пола) (0,5%), додека (0,6%) не одговориле на ова прашање (Графикон 1).

Графиконот 2 ја прикажува возраста на 862 испитаници кои го пополниле прашалникот. Од нив 17,6% се млади од 18 до 24 години, 29,9% се од 25 до 34 години, 34% од 35 до 44 години и 18,2% се на возраст од 45 и повеќе години.

Графикон 3. Највисоко ниво на образование



56,9% од сите испитаници изјавиле дека имаат завршено високо образование (универзитет), 41,3% завршиле средно образование, 1,6% завршиле основно образование и само 0,2% не завршиле основно образование (Графикон 3).

Графикон 4. Работен статус

Графикон 5. Состав на домаќинство

Најголем дел од испитаниците (69,9%) биле вработени со полно работно време (Графикон 4). Дополнително, 28,3% живееле како пар со малолетни деца, 22,5% живееле со своите родители и 12,8% живееле сами (Графикон 5).

Графикон 6. Град/село



Најголем дел од испитаниците (88,4%) живееле во град - 51% во главниот град Скопје и 37,4% во другите градови во Северна Македонија. Дополнително, 10% од сите испитаници живееле во село (Графикон 6).

Графикон 7. Месечен приход

Просечната месечна плата во Северна Македонија во декември 2024 година беше 43.587 денари по оданочување, додека минималната плата е 22.567 денари. Речиси 30% од испитаниците имале месечни примања од 40.000 денари или повеќе, додека останатите 70% заработувале помалку од 40.000 денари месечно. Ова укажува дека повеќе од половина од испитаниците живееле со многу ниски приходи (Графикон 7).

4.2. Употреба на дроги и третман во последните 12 месеци

Графикон 8. Употреба на дрога во последните 12 месеци по супстанција

Најчесто користена дрога во изминатите 12 месеци била канабис, при што 32% од учесниците пријавиле негова употреба. Потоа следеа бензодиазепините без рецепт, користени од 25,9% од учесниците и CBD и/или производи со низок THC, користени од 24,9% од учесниците. Кокаин користеле 18,4% од учесниците во ова истражување.

Други пријавени супстанции вклучуваат:

- Амфетамин: користеле 10,7% од учесниците,
- Екстази/МДМА: користеле 9,3% од учесниците,
- Магични печурки: користени од 6,6% од учесниците,
- ЛСД: користеле 5,2% од учесниците,
- Нови психоактивни супстанции (НПС): Користеле 4,7% од учесниците.

Останатите дроги ги користеле помалку од 3% од учесниците во истражувањето (Графикон 8).

Графикон 9. Добиен третман во последните 12 месеци

На прашањето „Дали сте добиле третман за да управувате или да се откажете од употребата на недозволени дроги во последните 12 месеци?“, мал е бројот на лица кои пријавиле дека добиле третман, и тоа: 1,5% за употреба на бензодиазепини, 1,5% за употреба на канабис, 1,4% за хероин или други опиоиди, 1% за амфетамини, 0,8% за кокаин, 0,4% за Екстази/ МДМА и 0,1% за ЛСД. Најголем број од испитаниците изјавиле дека не примиле никаков третман за употреба на дрога.

Третман се однесува на медицински или психо-социјални пристапи, испорачани лично или онлајн, вклучувајќи структурирани програми за самопомош (Графикон 9).

4.3. Модул за производи со CBD/ или ниско ниво на THC

Од вкупниот број учесници, 24,9% изјавиле дека користеле CBD и/или производи со ниско ниво на THC без рецепт. Тие пријавиле консумирање на овие производи во форма на сушена билка/марихуана (58,8%), цигари или џоинт (55%), масла (40%) (Графикон 10).

Што се однесува до мотивацијата за користење на производи со CBD и/или со ниско ниво на THC, околу 65,4% од испитаниците кои ги користеле го сториле тоа за да го намалат стресот и да се релаксираат, 56,8% за да го подобрат спиењето, 45,7% за да се справат со депресија и анксиозност, 39,5% да се дружат итн. Само 1,2% користеле CBD и/или THC за намалување на симптомите од откажување од канабис (Графикон 11).

Домот беше најчесто место за користење на CBD/ниско ниво на THC со 77,2%, проследено со користење во природа 54,4%, во јавен простор 44,3%, итн. (Графикон 12)

Графикон 10. Форми на CBD/ниски нивоа на THC

Графикон 11. Мотивација за употреба на CBD/ниско THC



Графикон 12. Место на употреба на дрога

4.4. Модул за канабис

На модулот за канабис одговорија 225 учесници. Најчеста возраст за прва употреба на канабис е 16 години, што значи дека повеќето учесници почнале да користат канабис на 16-годишна возраст. Минималната возраст за прва употреба е 12 години, а максималната возраст е 43 години.

Повеќето испитаници (91,7%) користеле недозволени производи од канабис, додека 9,7% добиле немедицински канабис легално (во земјите каде што канабисот е легален), а 1,9% користеле канабис со лекарски рецепт (Графикон 13).

Графикон 13. Легален статус на производите од канабис

Графикон 14. Субстанци најчесто користени заедно со канабис



Околу половина од испитаниците изјавиле дека користеле тутун или алкохол заедно со канабис, додека 12,6% од корисниците на канабис изјавиле дека користеле кокаин во прав во истата прилика. Канабисот се користел заедно со амфетамини од страна на 11,1% од испитаниците, со екстази 8,2%, а со магични печурки или бензодиазепини 3,9% (Графикон 14).

Во однос на мотивацијата за употреба на канабис, најголем процент од испитаниците (68%) изјавиле дека го користеле за намалување на стресот и опуштање. Околу 50% изјавиле дека користеле канабис за да се дружат, да се забавуваат/за забава или за да го подобрат спиењето (Графикон 15).

Во врска со стресот и релаксацијата, повеќе од 30% од испитаниците користеле канабис за да ја менаџираат тагата, депресијата, анксиозноста, проблемите со спиењето и промените во расположението (Графикон 16).

Графикон 15. Мотивација за употреба на канабис

Графикон 16. Мотивација за употреба на канабис (подобрување или менаџирање на условите)

Домот бил најчестото место за употреба на канабис, пријавено од 72,7% од испитаниците. Околу половина користеле канабис во природа, 30,3% на јавни простори, 21,2% на музички фестивали или забави, 18,2% во клубови или барови, 12,1% во автомобил, 9,1% на работа и 6,1% на училиште (Графикон 17).

Малку повеќе од половина од испитаниците не доживеале никакви негативни или несакани здравствени ефекти од употребата на канабис, додека други пријавиле здравствени проблеми како што се проблеми со меморијата, тешкотии со концентрирање, анксиозност или реакции на паника и губење или зголемување на телесната тежина, меѓу другото (Графикон 18).

Графикон 17. Место за употреба на канабис

Графикон 18. Здравствени ефекти од употреба на канабис

73,4% од испитаниците никогаш не биле санкционирани за прекршоци поврзани со употреба на канабис. Сепак, 15,8% биле санкционирани за употреба на канабис, 13,3% за поседување и 3% за трговија, одгледување или увоз (Графикон 19).

53% изјавиле дека управувале возило (автомобил, мотор, електричен скутер) во рок од 4 часа од употребата на канабис во последните 12 месеци (Графикон 20).

Графикон 19. Санкции за прекршоци за употреба на канабис

Графикон 20. Користено возило за време на употреба на канабис

На прашањето „Колку дена сте користеле канабис (хашиш или марихуана) во последните 30 дена?“, минималната пријавена употреба била 3 дена, додека максималната 29 дена. Најчесто пријавени број на денови биле 15 дена.

Во текот на изминатата година (12 месеци), најголем процент од испитаниците (23,4%) изјавиле дека користеле канабис повеќе од 300 дена (Графикон 21).

Графикон 21. Број на денови на употреба на канабис во последните 12 месеци

4.4.1. Марихуана

Марихуаната е најкористениот вид на канабис во С.Македонија. 20,4% од испитаниците користеле марихуана која се произведува во нашата земја, 5,6% користеле увезена марихуана, 33,2% користеле и домашна и увозна марихуана и 40,8% не знаат каков вид на марихуана користеле (Графикон 22).

Графикон 22. Вид на марихуана

97% од испитаниците изјавиле дека користеле марихуана во форма на џоинт, а повеќе од половина изјавиле дека обично го делат својот џоинт со други (Графикон 23).

Марихуана купиле 79% од испитаниците, додека 15,9% ја добиле бесплатно, а 2,1% самите ја произвеле (Графикон 24).

Графикон 23. Поделба на џоинтот (марихуана)

Графикон 24. Набавка на марихуана

Речиси 60% од испитаниците купиле марихуана од пријатели или познаници, додека 51,6% ја купиле директно контактирајќи се со дилер (Графикон 25).

Што се однесува до тоа како ја набавиле, 77,2% ја добиле својата марихуана лично надвор од нивниот дом, 17,2% ја добиле дома, а 20% ја подигнале од однапред договорена локација без личен контакт (Графикон 26).

Графикон 25. Купување на марихуана

Графикон 26. Достава на марихуана

4.5. Модул за кокаин

Меѓу сите испитаници во истражувањето, 18,4% изјавиле дека користеле кокаин во изминатите 12 месеци, а повеќето се одлучиле да го комплетираат модулот за употреба на

кокаин. Од нив, 91,4% користеле кокаин во прав, 4,9% користеле крек, а 3,7% ги користеле двете форми.

Графикон 27. Видови на кокаин

Имајќи предвид дека мнозинството пријавило користење на кокаин во прав, следната анализа ќе се фокусира на неговата употреба.

Графикон 28. Број на денови на употреба на кокаин во прав во последните 12 месеци

Графикон 29. Супстанции кои обично се користат заедно со кокаин во прав



Меѓу испитаниците кои користеле кокаин во прав, 32,9% изјавиле дека го користеле меѓу еден и пет дена во изминатата година, додека 3,9% го користеле повеќе од 300 дена (Графикон 28).

Скоро сите (92,1%) изјавиле дека консумирале алкохол во иста прилика како и кокаинот во прав. Дополнително, 68,4% користеле тутун, 35,5% користеле марихуана, 11,8% користеле амфетамини, 9,2% користеле екстази/MDMA и 6,6% користеле бензодиазепини. Други супстанции користеле помалку од 3% од испитаниците или воопшто не користеле (Графикон 29).

Социјализацијата била примарна мотивација за користење на кокаин во прав кај 65,8% од испитаниците во изминатите 12 месеци, проследена со желбата да се крене расположението и да се забавува (42,1%). Дополнително, 34,2% користеле кокаин за да се спротивстават на ефектите на алкохолот, 25% за да го намалат стресот или да се релаксираат и 18,4% да го подобрат сексуалното задоволство или перформанси. Љубопитноста или експериментирањето мотивирало 15,8% од корисниците, додека 14,5% го користеле за да останат будни. И подобрување на перформансите (за училиште, работа, спорт или танц) и управување со депресија/анксиозност биле пријавени од 7,9% од испитаниците, додека 5,3% го користеле за ублажување на болката (Графикон 30).

Графикон 30. Мотивација за употреба на кокаин во прав

Графикон 31. Места за употреба на дрога

Вообичаено, за употреба на кокаин, повеќето испитаници пријавиле дека го користеле во клуб или бар (73,7%), а 44,7% на музички фестивали или забави. Дополнително, 65,8% го користеле дома, 26,3% во автомобил и 23,7% на јавни места, меѓу другите локации (Графикон 31).

Кокаинот во прав бил користен исклучиво преку шмркање на носот од 100% од испитаниците (Графикон 32).

Во изминатите 12 месеци, 59,3% пријавиле дека купувале кокаин, додека 36,8% го набавиле бесплатно (Графикон 33). Дополнително, 81,6% изјавиле дека кокаинот им бил доставен лично надвор од нивниот дом (Графикон 34), а 71,2% директно контактирале со нивниот дилер (Графикон 35).

Графикон 32. Употреба на кокаин во прав

Графикон 33. Набавка на кокаин во прав



Графикон 34. Доставен кокаин во прав



Графикон 35. Купување на кокаин во прав

4.6. Модул за екстази/МДМА

Меѓу сите испитаници во истражувањето, 9,3% изјавиле дека користеле екстази/МДМА. Од нив, 58,5% ги користеле во форма на таблета, 4,9% во форма на прав/кристал и 36,6% во двете форми (Графикон 36).

Графикон 36. Форми на употреба на екстази/МДМА

Графикон 37. Број на денови на користени екстази/МДМА во последните 12 месеци

Околу половина од испитаниците (51,2%) користеле екстази/МДМА помеѓу еден и пет дена во изминатите 12 месеци, додека 9,8% изјавиле дека користеле шест до десет дена. Дополнително, 14,6% го користеле помеѓу 11 и 20 дена, а истиот процент пријавиле употреба помеѓу 21 и 50 дена. Мал процент (2,4%) пријавил дека користеле екстази/MDMA повеќе од 300 дена во изминатата година (Графикон 37).

На прашањето за супстанциите што се користат заедно со екстази/МДМА при последната прилика на употреба, 85,4% изјавиле дека користеле тутун, 58,5% користеле марихуана и 48,8% консумирале алкохол заедно со екстази. Дополнително, 31,7% користеле амфетамини, 17,1% користеле кокаин во прав и 7,3% користеле бензодиазепини или хашиш. Други супстанции користеле помалку од 5% од испитаниците во исто време со екстази/МДМА (Графикон 38).

Графикон 38. Супстанции кои обично се користат заедно со екстази/МДМА

Графикон 39. Мотивација за употреба на екстази/МДМА

Графикон 40. Места за употреба на екстази/МДМА

Повеќето испитаници користеле екстази/МДМА првенствено за да се кренат, а 50% ги користеле за дружење. Дополнително, 27,5% навеле подобрување на сексуалното задоволство или перформанси, љубопитност/експериментирање и ослободување од стрес/релаксација како нивна мотивација (Графикон 39).

Музичките фестивали и забави беа најчестите поставки за употреба на екстази/МДМА, пријавено од 72,5% од испитаниците, потоа дома (57,5%) и клубови или барови (52,5%), меѓу другите локации (Графикон 40).

Кога биле прашани за нивната типична потрошувачка на екстази/МДМА дневно, испитаниците изјавиле дека користеле една или две таблети, при што мнозинството укажувале дека земале една таблета. Повеќето (95%) конзумирале екстази/МДМА со голтање, додека 20% ги користеле со назално шмркање и 15% ги растворила во устата (Графикон 41).

Графикон 41. Употреба на екстази/МДМА

Графикон 42. Набавка на екстази/МДМА

Графикон 43. Доставени екстази/МДМА

Графикон 44. Купување на екстази/МДМА

Мнозинството од испитаниците (77,5%) изјавиле дека најчесто купувале екстази/МДМА, додека 22,5% првенствено го набавиле бесплатно (Графикон 42).

На пвеќето (88,9%) од испитаниците екстазите им биле предадени лично надвор од нивниот дом (Графикон 43). Вообичаено, тие го набавувале со директно контактирање на нивниот дилер (67,9%) или со купување од пријатели или познаници (64,3%) (Графикон 44).

4.7. Модул за амфетамин

Од сите испитаници во веб истражувањето во Северна Македонија, 10,7% изјавиле дека користеле амфетамин. Сите испитаници кои одговориле на модулот за амфетамин посочиле дека го користеле во форма на прав/кристали, додека 3,4% изјавиле дека го користеле и како прашок и во форма на таблети (Графикон 45).

Графикон 45. Форми на амфетамин

Графикон 46. Број на денови на употреба на амфетамин во последните 12 месеци

Најголем процент од испитаниците изјавиле дека користеле амфетамин не повеќе од пет пати во изминатите 12 месеци, додека 8,8% изјавиле дека користеле амфетамин повеќе од 300 дена во истиот период (Графикон 46).

Графикон 47. Субстанци најчесто користени заедно со амфетамин

Амфетамин користеле заедно со алкохол 75,4% од испитаниците, со тутун 70,2%, со марихуана 56,1%, со екстази 15,8%, со кокаин во прав 14% итн. (Графикон 47).

Графикон 48. Мотивација за употреба на амфетамин

Графикон 49. Места за употреба на амфетамин



Графикон 50. Употреба на амфетамин

Корисниците на амфетамини изјавиле дека нивната примарна мотивација за употреба е дружење и за да останат будни (53,4%), проследено со желбата да се надуваат или за забава (37,9%) и намалување на ефектите од алкохолот (31%), меѓу другите причини (Графикон 48).

Најчесто пријавувано место за употреба на амфетамин бил домот (77,6%), потоа клубови, барови, музички фестивали или забави (55,2%) (Графикон 49).

Бидејќи скоро сите испитаници изјавиле дека користеле амфетамин во форма на прав, тој првенствено се консумирал преку шмркање на носот (96,6%), додека 15,5% го користеле со голтање (Графикон 50).

Графикон 51. Набавка на амфетамин

Графикон 52. Достава на амфетамин

Графикон 53. Купување на амфетамин

